# ВЕЖБА
# „Swift Response“
# Maj 2022
# ПОЛИГОН „КРИВОЛАК“

ПРЕС ПАКЕТ

Содржина:

1. Основни информации  цел на вежбата
2. Учесници на вежбата
3. Корисни информации за медиумско покривање и акредитации
4. Контакти
5. Фотографии од воздухопловите кои ќе се користат на вежбата

## 1. Основни информации и цел на вежбата

„Swift Response 22“ е годишна мултинационална вежба која оваа година опфаќа 3 региони: Арктикот, Балканскиот и Балтичкиот регион. Во вежбата се вклучени околу 9.000 припадници на вооружените сили на 16 земји сојузници и партнери и ќе се реализира синхронизирано во Норвешка, Латвија, Литванија и Северна Македонија.

Дел од планирачкиот процес за вежбата "Swift Response 22" кој се одвиваше во текот на 2021 година, се реализираше и во нашата држава.

Во Северна Македонија, учество ќе земат околу 4.600 припадници од 8 нации и тоа: Северна Македонија, САД, Обединетото Кралство, Италија, Франција, Црна Гора, Албанија и Грција.

Фактот дека Република Северна Македонија е домаќин на оваа вежба заедно со седум земји сојузници во НАТО покажува дека нашата држава и нејзините вооружени сили имаат сериозен капацитет да придонесат кон колективната одбрана, безбедноста и сигурноста на евроатланската област.

Преку оваа вежба нашата држава го претставува и армискиот полигон „Криволак“ како уникатен капацитет за извежбување на Армијата на Република Северна Македонија и земјите на НАТО, а се овозможува и развој на интероперабилноста со вооружените сили на сојузничките земји и усогласување на техниките и процедурите на сојузниците.

Во извежбувањето на армискиот полигон „Криволак“ ќе бидат вклучени 45 воздухоплови, односно борбени и транспортни авиони и хеликоптери, а за време на вежбата, ќе бидат изведени над 700 падобрански скокови.

На вежбата и претходеше подолг планирачки процес и истата се реализира согласно едногодишниот план за вежби на Армијата и Воздухопловните сили на САД.

## 2. Учесници на вежбата




На вежбата ќе учествуваат околу 4.600 припадници на вооружени сили на осум држави:

- **Република Северна Македонија**
- **Соединетите Американски Држави**
- **Обединетото Кралство**
- **Италија,**
- **Франција,**
- **Црна Гора,**
- **Албанија и**
- **Грција.**

## 3. Корисни информации за медиумско покривање

Претставниците на медиумите ќе имаат поголем број на можности за следење на активностите на вежбата. Посочуваме дека активностите понудени во рамки на вежбата ќе можат да се следат единствено со добивање на соодветна акредитација од Министерството за одбрана.

**Медиумите се акредитираат електронски преку испраќање на барање за акредитација на media@mod.gov.mk. Крајниот рок за испраќање на барање за акредитација е 5 Мај 2022 година до 09.00h.**

Активности за медиуми

<table>
<tr><td>6 мај</td><td>Брифинг за националните медиуми на полигонот „Криволак"</td></tr>
<tr><td>8 мај</td><td>Отворен ден за јавноста – Приказ на воздухоплови – Air Static Display


</td></tr>
<tr><td>12 мај</td><td>Ден за високи гости (полигон „Криволак")</td></tr>
</table>

<u>Отворени денови за граѓаните низ неколку градови (цивилно – воена соработка)</u>

<table>
<tr><td>18 мај 2022 г.<br>16:00 -18:00</td><td>Неготино, до Спортската сала</td><td rowspan="2">Во рамки на отворените денови ќе биде презентирана дел од опремата која ќе се користи за време на вежбата вклучувајќи ја и опремата на падобранските единици.





</td></tr>
<tr><td>20 мај 2022 г.<br>16:00 -18:00</td><td>Штип, фудбалски стадион</td></tr>
</table>

## 5. Контакти

**<u>Канцеларија за односи со јавноста во Генералштабот на Армијата</u>**

потполковник Тони Јаневски – портпарол
телефон: 02/328-2459
мобилен тел: 070/403 – 425
телефон/факс: 02/328-2461
e-mail: toni.janevski@arm.mil.mk и decisivestrike@mod.gov.mk

**<u>Министерство за одбрана на Република Северна Македонија</u>**

Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка
Одделение за медиа и мултимедијална работа
телефон: +389 2 328 2487
E-mail: media@mod.gov.mk

<u>web:</u>
www.mod.gov.mk
mil.mk

<u>Социјални мрежи:</u>

Министерство за одбрана / Defence MKD | @DefenceMKD
@Armija.Republika.Severna.Makedonija

MOD North Macedonia | @Defence_MKD
@ARM_mil_mk

Министерство за одбрана
arm mil mk

arm.mil.mk

#StrongerTogether
#SwiftResponse

6. Вооружување и опрема за реализација на активностите на вежбата

ВОЗДУХОПЛОВИ



### „Fairchild Republic A-10 Thunderbolt II Warthog"

**Намена:** Борбен авион наменет за блиска воздушна поддршка на копнените единици
**Земја на потекло:** САД (Производител „Fairchild-Republic")
**Прв лет:** 10 мај 1972 г.
**Погонска група:** 2 турбо млазни мотори (2 × „General Electric" TF34-GE-100A)
**Посада:** еден пилот (еднопилотен авион)

**Max брзина:** 706 km/h
**Крстаречка брзина:** 560 km/h
**Должина:** 16,26m
**Висина:** 4,47m
**Тежина на празен авион:** 11.321kg
**Максимална тежина при полетување:** 22.700kg
**Борбен долет:** 400km
**Плафон на лет:** 13.700m
**Вооружување:**
• 1 × 30mm GAU-8/A „Avenger" ротирачки топ со 1.174 проектили
• ракети, проектили и бомби.

### „C-130J Super Hercules"

**Намена:** Воен транспортен авион
**Земја на потекло:** САД (Производител „Lockheed Martin")
**Прв лет:** 5 април 1996 г.
**Погонска група:** 4 × „Rolls-Royce" турбопроп мотори, 4637shp (3458kW)
**Посада:** 3 (2 пилоти и 1 одговорен за товар)
**Носивост:** max 19.000 kg
• 92 патници или 64 падобранци



• 74 повредени војници со 5 медицински лица
• 2–3 воени моторни возила („Хамви") или
• 1–2 лесно оклопни возила
**Максимална брзина:** 670km/h
**Крстосувачка брзина:** 644km/h
**Должина:** 29,79m
**Висина:** 11,84m
**Долет:** 3.300km со максимален товар
**Тежина на празен авион:** 34.274kg
**Максимална тежина при полетување:** 70.307kg
**Распон на крила:** 40,41m

### „Boeing CH-47 Chinook"



**Намена:** Тежок транспортен хеликоптер
**Земја на потекло:** САД (Производител „Boeing Defense Space and Security")
**Прв лет:** 21 септември 1961 г.
**Погонска група:** два турбо млазни мотори (2 × „Lycoming" T55-GA-714A turboshaft engines)
**Посада:** 3 (пилот, копилот и летач–инжењер или специјалист за товар)
**Максимална брзина:** 315km/h
**Крстаречка брзина:** 296km/h

**Должина:** 30m
**Висина:** 5,77m
**Тежина на празен хеликоптер:** 11.148kg
**Максимална тежина при полетување:** 22.680kg
**Дијаметар на носечки ротор:** 2 x 18m
**Долет:** 740km
**Борбен долет:** 370km
**Плафон на лет:** 6.100m

### „Boeing AH-64 Apache Longbow"



**Намена:** Борбен хеликоптер
**Земја на потекло:** САД (Производител „Boeing")
**Прв лет:** 30 септември 1975 г.
**Погонска група:** два турбо млазни мотори
**Посада:** 2 пилоти (пилот и копилот/оператор на вооружувањето)
**Максимална брзина:** 293km/h
**Крстаречка брзина:** 265km/h
**Должина:** 17,73m
**Висина:** 3,87m
**Тежина на празен хеликоптер:** 5165kg
**Максимална тежина при полетување:** 10.433kg
**Дијаметар на носечки ротор:** 14,63m

**Долет:** 476km
**Борбен долет: 480km**
**Вооружување:**
• 1 × 30mm (1,18 in) M230 „Chain Gun" со 1200 проектили
• **Ракети:** „Hydra" 70 70mm / CRV7 70mm и APKWS 70mm ракети воздух - земја
• **Проектили:** Варијанти на AGM-114 „Hellfire" / воздух - воздух „Stinger" (ATAS) / AGM-65 „Maverick" и „Spike" проектили

### „AgustaWestland AW159 Wildcat"

**Намена:** Повеќенаменски хеликоптер
**Земја на потекло:** Обединето Кралство (Производител „AgustaWestland/Leonardo")
**Прв лет:** 12 ноември 2009 г.
**Погонска група:** 2 турбомлазни мотори по 1015kW
**Посада:** 2 пилоти
**Носивост:** 6 патници
**Максимална брзина:** 311km/h
**Должина:** 15,24m
**Висина:** 3,73m
**Долет:** 777km

**Време на лет:** 2h 15min (4h 30min со доп. резервоари)
**Тежина на празен хеликоптер:** 3.300kg
**Максимална тежина при полетување:** 6.000kg
**Дијаметар на носечки ротор:** 12,8m
**Вооружување:** митралези (на постамент) и воздух-земја ракетни системи



### „Sikorsky UH-60 Black Hawk"



**Намена:** Повеќенаменски хеликоптер
**Земја на потекло:** САД (Производител: „Sikorsky Aircraft")
**Прв лет:** 17 октомври 1974 г.
**Погонска група:** 2× „General Electric" турбински мотори, 1890shp (1410kW) секој
**Екипаж:** 2 пилоти + 2 техничари оператори/нишанџии
**Носивост:** 1.200kg на внатрешен товар, вклучително 11 војници или 6 носилки за ранети; 4100kg надворешно прикачен товар

**Максимална брзина:** 357km/h
**Должина:** 19,76m
**Висина:** 5,13m
**Долет:** 590km
**Тежина на празен хеликоптер:** 5.675kg
**Максимална тежина при полетување:** 9.979kg
**Дијаметар на носечки ротор:** 16,36m
**Вооружување:** 2×7.62mm M240 митралез; 2×7.62mm M134 митралези или 2×12,7mm GAU-19 митралези
•4 прикачни точки (ракети: 70mm „Hydra"; проектили: до 4 x „Hellfire" или 2 x „Stinger"; друго: 7.62mm и 12,7mm митралези / 20mm и 30mm топ